20262784998

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/26), во делот II во воведната реченица износот „3.000.000,00“ се заменува со износот „2.134.739,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

ВИД НА МЕРКА	КРИТЕРИУМ И ВИСИНА НА ПОДДРШКА	ВКУПНО ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА
Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството		
1.Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија согласно договорот за управување со државните ловишта		
А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот	Критериум: - потпишан договор за управување со дивечот во ловиште Висина на поддршка: 50% од трошоците	2.000.000,00
Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, поилишта и др.).	Критериум: - потпишан договор за управување со дивечот во ловиште Висина на поддршка: 50% од трошоците	
2. Неизмирени обврски од Програмата за развој и унапредување на ловството од 2025 година	- финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти во висина од 50% од трошоците за Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје	134.739,00
ВКУПНО:	2.134.739,00	

“

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-9162/3
24 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.